АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
СУ- 1005/23-4
02.10.2023 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

од Работната средба на граѓанските оддели на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Штип и Апелациониот суд Гостивар, одржана на ден 02.10.2023 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев Скопје

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усогласување на ставовите во врска со Законот за измени и дополнение на Законот за облигациони односи (Сл.весник на РСМ бр.154/23 од 20 јули 2023 година) и Законот за измени и дополнение на Законот за извршување (Сл.весник на РСМ бр.154/23 од 20 јули 2023 година), со цел да се донесе заеднички заклучок.

По настаната дискусија помеѓу присутните судии по однос на ова прашање и по завршување на дискусијата, едногласно се донесе, следниот:

## ЗАКЛУЧОК

**1. Согласно Законот за извршување, извршителот и судот, немаат законска можност да запрат извршување надвор од одредбите од Законот за извршување.**

**2. Во постапките за извршување кои се започнати пред донесување на Законот за измени и дополнение на Законот за облигациони односи (Сл.весник на РСМ бр.154/23 од 20 јули 2023 година), судот кога одлучува по приговор за назаконитости при извршувањето, а кога е поднесен приговор за застареност, ќе ја цени законитоста на превземеното дејствие од страна на извршителот.**

**Претседател на Граѓанскиот оддел**
**во Апелациониот суд Скопје – судија**
**м-р Ѓорѓи Радојков с.р.**